





FACTOR ACCELERATOR

# Бизнис акцелератор за поддршка на стартапи

## ЗАЕДНО ДА КРЕИРАМЕ УСПЕШНИ ГЛОБАЛНИ БИЗНИСИ

# За нас

## Кои сме ние и што постигнавме?

Х Фактор Акцелератор од Велес е првиот бизнис акцелератор надвор од Скопје, кој е основан од инвеститори со големо практично искуство во креирање, управување и поддршка на развојот на успешни стартап бизниси. Стартот на проектот во 2018 година, се реализираше со поддршка од Фондот за иновации и технолошки развој (ФИТР), во соработка со Светска банка.

Од стартувањето со работа се реализираа 3 инвестициски циклуси, низ кои во конкуренција на повеќе од 150 апликанти, преку 3 пред-акцелераторски програми се менторираа 52 стартап тимови. Од нив на трите Демо Денови, се презентираа 29 бизнис идеи пред членовите на Комитетот за одобрување инвестиции кои одлучија да инвестираат во 5 најатрактивни стартапи со најголеми шанси за брз и глобален раст.

**Вкупните ивестиции во петте стартапи изнесуваат 480 000 евра.**

## Х фактор низ бројки

**150+ апликации**

**инвестиции во 5 стартапи**

**52 менторирани стартапи**

**480 000 евра инвестиции**

# Инвестициско портфолио

**Стартап компанија: Концептива дигитал**

## Главен производ: **Coach**-Платформа за корпоративни обуки преку гејмификација

**Кратко инфо:** Концептива е продуктна компанија во ИТ секторот. Водечкиот продукт на Концептива е **Coach-платформа за корпоративни обуки** која го користи методот на гејмификација. Апликацијата се „бори“ против феноменот познат како „крива на заборавање“ и користи вештачка интелегенција претворајќи ги обемните и тешки материјали за учење во кратки и забавни микро лекции.

**Вебсајт**: getcoach.app

## Инвестиција: **100 000 евра**

**Постигнати резултати:**

- Развиена бета верзија од продуктот со голем број нови функционалности;
- Обезбедени дополнителни 812 000 евра инвестиции од други домашни и странски инвестициски фондови;
- Повеќе од 10 клиенти и 4000 корисници од различни сектори (медицина, малопродажба, телекомуникации, осигурување, енергетика и образование);
- Склучена соработка со 11 надворешни партнери за продажба и проширени бизнис операции во: Македонија, Шведска, Швајцарија, Чешка и ОАЕ.

## Идни планови:

Зајакнување на постоечката продажна мрежа
Зголемување на продажбата во Западна Европа и САД
Континуирана надградба на Coach со нови функционалности
Проширување на тимот

# Инвестициско портфолио

## Стартап компанија: **Матриошка**

**Главен производ:** WICE-сладолед со вино

**Кратко инфо:** Главниот производ на Матриошка по кој компанијата е препознатлива претставува WICE – сладолед со вино. Уникатната предност на овој производ се состои во прехранбениот технолошки процес. Со едноставни зборови, **WICE претставува нов начин на конзумирање на вино, во форма на сладолед.**

**Вебсајт**: the-matryoshka.com

## Инвестиција: **100 000 евра**

**Постигнати резултати:**

- Набавка, инсталација и ставање во функција на специјализирана линија за производство на сладолед од вино во нови производни погони;
- HACCP сертифицирано производство;
- Проширен микс на производи со вкупно 10 видови на сладолед од кои 4 се вински (со 4,5% алкохол), а 6 вкусови на обичен сладолед за деца;
- Позиционираност на македонскиот пазар во 9 градови и над 100 локали преку два продажни канали: ХоРеКа и супермаркети;
- Влез во акцелераторска програма на International Accelerator во САД.

## Идни планови:

Раст на продажбата во државите од Западен Балкан и пошироко на пазарот во ЕУ
Имплементација на стратегија за раст преку патентирање на производот и аутсорсинг
Збогатување на портфолиото производи
Проширување на тимот

# Инвестициско портфолио

**Стартап компанија: Brummel Style**

Главен производ: **Првото моторџиско сако во светот**

**Кратко инфо:** Brummell е единствена компанија за елегантна мото опрема во светот, а првиот продукт е Brummell моторџиското сако. Станува збор за елегантно сако однадвор, со перформанси на заштитна моторџиска јакна одвнатре. **Brummel сакото е наменето за сите вљубеници на моторцикли кои во исто време сакаат да изгледаат елегантно и да ја имаат соодветната заштита**. Визијата на Brummell е да стане водечка компанија во светот за елегантна и заштитна мото опрема.

**Вебсајт**: ridebrummell.com

## Инвестиција: **100 000 евра**

**Постигнати резултати:**

- Дизајн и производство на прототип на Brummell Blazer V2;
- Производство на 150 примероци од новата верзија која се состои од два дела, Brummell Jacket и Brummell Skin;
- Обезбеден интернационален сертификат EN17092 како ниво А за заштитна мото опрема;
- Физичка и онлајн продажба на клиенти од: САД, Австралија, Нов Зеланд и повеќе европски земји;
- Обезбедена дополнителна инвестиција од 100 000 евра од Fashion Technology Accelerator од Милано;
- Пробно производство на  женско моторџиско сако и машки заштитни панталони
- Влез во акцелераторска програма на International Accelerator во САД;
- Учество со сопствен промотивен штанд на Moto GP of the Americas во Остин, Тексас;
- Стратешко партнерство со Distinguished Gentelman's Ride (DGR) и производство на посебна серија моторџиски сакоа за DGR која е распродадена во целост.

## Идни планови:

Глобален раст на продажбата преку наоѓање нови дистрибутивни канали

Маркетинг кампања за лансирање на новите производи

# Инвестициско портфолио

## Стартап компанија: **Vision Dynamix**

**Главен производ:** Софтвер за 3D мапирање и реконструкција со помош на дронови

**Кратко инфо:** Водечкиот продукт е **софтверот за 3D мапирање и реконструкција со помош на дронови** кој користи нови и современи методи и алгоритми. Станува збор за иновативен производ чија уникатна конкурентска предност се состои во прецизноста и брзината на обработка на податоци во реално време. Производот е идеален за клиенти од различни индустрии како што се: градежништво, геодезија, рударство, инспекција и слично, при што огромен потенцијал има и неговата примена кај возилата со автономна навигација.

**Вебсајт**: visiondynamix.com

## Инвестиција: **100 000 евра**

**Постигнати резултати:**

- Значително подобрена, user friendly верзија на апликацијата;
- Пазарна валидација преку продажба на клиенти на македонскиот пазар;
- Остварени контакти со потенцијални стратешки партнери за влез на пазарите во: САД, Холандија, Канада и други земји;
- Обезбеден стратешки клиент од Македонија, лидер во својата индрустрија

## Идни планови:

Привлекување нови инвеститори за комерцијализација во следна инвестициска рунда

Пронаоѓање на стратешки партнери (пр. производители на дронови) за заеднички настап на нови пазари

Редизајн на веб страната со можност да функционира како веб-апликација

Проширување на тимот

# Инвестициско портфолио

## Стартап компанија: **Новело дизајн**

## Главен производ: **Eco-friendly производи од органски памук за деца**

**Кратко инфо:** Новело е компанија со мисија да го развие **првиот македонски бренд Elo за дизајн на уникатни органски производи за деца.** Нивното портфолио се состои од производи кои се еколошки и безбедни за користење, а се изработени од сертифициран GOTS органски памук. Производите се со атрактивен дизајн привлечен за децата како крајни корисници, но и родителите (пред се мајките како донесувачи на одлуката за купување).

**Вебсајт**: elo.mk

## Инвестиција: **80 000 евра**

**Постигнати резултати:**

- Дизајнирани 50+ уникатни производи од сертифициран GOTS органски памук;
- Комерцијализација на производите на македонскиот пазар со 1500+ лојални клиенти;
- Обезбедено стратешко партнество за влез на пазарот во Србија и Бугарија;
- Континуиран развој на нови иновативни производи;
- Преговори за стратешко партнерство со дистрибутер за влез на пазарот во САД.

## Идни планови:

Континуирано збогатување на портфолиото со нови уникатни производи
Раст на продажбата во Западен Балкан и ЕУ преку склучување стратешки B2B партнерства
Привлекување нови инвеститори за комерцијализација во следна инвестициска рунда
Проширување на тимот

# Идни планови

## 1.Поддршка на стартапите од портфолиото за глобален раст

Менторската поддршка на стартапите од портфолиото ќе продолжи и во следниот период  со цел да се обезбедат следни инвестициски рунди за да се забрза нивниот развој и глобална експанзија.

## 2.Обезбедување фонд за инвестиции во нова група стартапи

Во следниот период ќе се интензивираат напорите за обезбедување финансии за инвестирање во нова група стартапи. Главна цел е акцелераторот да прерасне во инвестициско студио или крајно инвестициски фонд преку привлекување и воспоставување стратешки партнерства со останати домашни и странски инвеститори.

## 3.Отворање на првиот и единствен дигитален иновациски хаб во Вардарскиот плански регион

Целта со отворањето на дигиталниот иновациски хаб е да се прошири постоечката понуда на акцелераторот. Имено, планираниот бизнис-модел е заснован на најдобрите регионални и светски практики со co-working простор за млади ИТ професионалци и дигитални номади. Идејата е да се стимулираат и поддржат иновации и да се зајакне дигитализацијата кај сите субјекти од приватниот и јавниот сектор.

# Тимот



## МИЛАН ДИМИТРИЕВСКИ

**ИЗВРШЕН ДИРЕКТОР**

Управител на сопствена компанија Делта – пром инг ДООЕЛ Велес која е основана во 2013 година, при што на оваа позиција се наоѓа од нејзиното основање до денес. Фирмата е една од најуспешните во градежниот сектор во регионот и пошироко.



## ИГОР АНДРЕЕВ

**ОПЕРАТИВЕН МЕНАЏЕР**

Поседува повеќе од десетгодишно искуство во консултантскиот бизнис, поврзано пред сè со развој и оценка на бизнис – идеи, поттикнување на претприемништвото, креативноста и иновативноста, особено кај младата популација. Д-р Андреев е еден од основачите и Претседател на Институтот за Маркетинг Истражувања (ИМИ) – Скопје.



## ТОДОР ЛЕВКОВ

**ФИНАНСИСКИ МЕНАЏЕР**

Поседува над триесет годишно работно искуство во финансискиот банкарски сектор, посебно во кредитирањето на правни лица, со огромно искуство во следењето на пазарот, клиентите и кредитните активности. При тоа, деветнаесет години ја извршува менаџерската позиција како Директор на Филијалите на Стопанска и Комерцијална Банка во Велес.



## САШКО ПАНЧЕВКИ

**ГЛАВЕН БИЗНИС СОВЕТНИК**

Во периодот од 2008 до денес е основач и Извршен Директор на ЕУРОПАП ДОО Скопје. Компанијата е член на DHYS групацијата, водечка меѓународна трговска асоцијација во секторот на производи и услуги за професионална хигиена, и во својата мрежа вклучува седум еминентни Европски групации на дистрибутери на големо, кои се присутни во над 25 држави.

X FACTOR ACCELERATOR

# Партнери

STARTUP WISE GUYS

techpack

УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ШТИП

Swiss EP Entrepreneurship Program

УНИВЕРЗИТЕТ „Св. Климент Охридски“- Битола

THE WORLD BANK

Startup Macedonia

SEEUTechPark

SPRING

Foundation for Sustainable Economic Development PREDA plus

GLOBAL ENTREPRENEURSHIP WEEK NORTH MACEDONIA

Kitanovski & D2EM Management and business consulting, coaching and training.

INNOVATION HUB

ФИТР ФОНД ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ

European Bank for Reconstruction and Development

## Контакт мејл:
## info@xfactor.mk

Поддржано од: ФИТР ФОНД ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ и THE WORLD BANK